Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22, став (1) алинеја 4 од Законот за енергетика („Службен весник на Р.М.” бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16), член 23 став (1) и (2) од Правилникот за начин и услови за регулирање на тарифи за пренос, управување со системот за пренос и дистрибуција на природен гас („Службен весник на РМ“ бр. 201/16 и 87/17) и Тарифниот систем за дистрибуција на природен гас („Службен весник на РМ“ бр. 19/13), а во врска со Одлуката за одобрување на регулирана тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас за потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас на Јавното претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти „КУМАНОВО-ГАС“ Куманово УП1 бр. 08-86/16 од 28.12.2016 година и постапувајќи по Барањето за одобрување на регулиран приход и тарифа за вршење на енергетска дејност дистрибуција на природен гас, бр. 03-317/1 од 06.12.2017 година, доставено од Јавното претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти „КУМАНОВО-ГАС“ Куманово, на седницата одржана на 28 декември 2017 година, донесе

# О Д Л У К А
## за одобрување на регулирана тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас за потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас за 2018 година на Јавното претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти „КУМАНОВО-ГАС“ Куманово

1. На Јавното претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти „КУМАНОВО ГАС“- Куманово, за 2018 година од регулираниот период 2017-2021 година, се одобрува регулираната тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас за потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас да изнесува 3,00 ден/$nm^3$.

2. Жалбата изјавена против оваа одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2018 година.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Јавното претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти „КУМАНОВО-ГАС“, Куманово (во понатамошниот текст: ЈП „КУМАНОВО ГАС“- Куманово), согласно член 23 од Правилникот за начин и услови за регулирање на тарифи за пренос, управување со системот за пренос и дистрибуција на природен гас („Службен весник на РМ“ бр. 201/16 и 87/17) (во понатамошниот текст: Правилник), до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторната комисија за енергетика) на ден 11.12.2017 година, достави Барање за определување на регулиран приход и тарифа за дистрибуција на природен гас за 2018 година од регулираниот период бр. 03-317/1 од 06.12.2017 година (во понатамошниот текст: Барање).

Барањето е заведено во архивата на Регулаторната комисија за енеретика со УП1 бр. 08-193/7 од 11.12.2017 година.

ЈП „КУМАНОВО ГАС“- Куманово во прилог кон Барањето за определување на регулиран приход и тарифа ја достави следната документација:

1. Бруто биланс за тековната 2017 година и
2. Податоци за дистрибуирана количина на природен гас.

Во Барањето, ЈП „КУМАНОВО ГАС“- Куманово предлага регулираната тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас за потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас за 2018 година да остане непроменета, односно да биде на исто ниво, како што било утврдено со Одлуката за одобрување на регулирана тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас за потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас на Јавното претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти „КУМАНОВО-ГАС“ Куманово УП1 бр. 08-86/16 од 28.12.2016 година.

Во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02-2129/1 од 22.12.2017 година, свика подготвителна седница на 26.12.2017 година**,** на која предмет на разгледување беше „Предлог – Одлука за одобрување на регулирана тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас за потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас за 2018 година на Јавното претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти „КУМАНОВО-ГАС“ - Куманово.

Подготвителната седница се одржа на 26.12.2017 година. На подготвителната седница беа поканети претставници од ДТИРЗ, Макпетрол Пром-Гас ДООЕЛ Скопје, АД Макпетрол - Скопје, АД ГА-МА – Скопје, ЈПЕД Струмица Гас – Струмица, ЈП Куманово Гас – Куманово, Министерството за економија, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања, Стопанската Комора на РМ, Сојузот на Сопански комори на Македонија, Советот за заштита на потрошувачите на РМ, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Производство на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ Скопје, АД ЕЛЕМ – Енергетика – Скопје, Арцелормиттал Скопје АД, АД МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје, Когел Стил ДОО-Скопје, Когел Север ДОО – Скопје, ТЕ-ТО АД – Скопје, Скопје Север АД Скопје и Макстил АД Скопје.

Од поканетите, присуствуваа претставници на ДТИРЗ, Макпетрол Пром-Гас ДООЕЛ Скопје, АД Макпетрол - Скопје, АД ГА-МА – Скопје, ЈПЕД Струмица Гас – Струмица, ЈП Куманово Гас – Куманово, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Производство на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ Скопје, АД МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје, ТЕ-ТО АД – Скопје и Макстил АД Скопје.

Со цел да се овозможи приклучување на повеќе потрошувачи и да се зголеми потрошувачката на природен гас, како и да се зголеми конкурентноста во снабдувањето со природен гас во однос на останатите енергенси, Регулаторната комисија за енергетика, по анализата на податоците од барањето, односно од инвестициониот проект, донесе Одлука за одобрување на регулирана тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас за потрошувачите приклучени на

системот за дистрибуција на природен гас на Јавното претпријатие „Куманово-Гас“ - Куманово УП1 бр.08-85/16 од 28.12.2016 годината на Јавното претпријатие „Куманово-Гас“ - Куманово, за регулираниот период 2017-2021 година.

Имајќи ја во предвид Одлуката за одобрување на регулирана тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас за потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас на ЈП „Куманово-Гас“ – Куманово за регулираниот период 2017-2021 година и документацијата и податоците од доставеното Барање за 2018 година, Регулаторната комисија за енергетика направи анализа на податоците и утврди дека истите се во во рамките на веќе одобрената тарифа.

Согласно горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика, ја прифати предлог тарифата од Барањето на ЈП „КУМАНОВО ГАС“- Куманово, за дистрибуција на природен гас за 2018 година од регулираниот период 2017-2021 година да изнесува 3,00 ден/$nm^3$.

Имајќи го предвид напред наведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука, незадоволната страна може да поднесе жалба преку Регулаторната комисија за енергетика до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката.

**УП1 Бр. 08-193/17**
**28 декември 2017 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Скопје** **Димитар Петров**